РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-2573/2
09-11-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 41-та седница одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-2573/1 од 05.08.2026 година, која претставува барање упатено до ДКСК да изврши независна, објективна и темелна проверка на постапката за јавна набавка на проектот ----, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што пријавата не содржи конкретни наводи или укажувања за сомневање за преземени незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност во предметната постапка.

Предметот со бр. 12-2573/1 од 05.08.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 05.08.2026 година, поднесена е пријава, која, според него, претставува барање упатено до ДКСК да изврши независна, објективна и темелна проверка на постапката за јавна набавка на проектот “---- и е оформен предмет бр. 12-2573/1 од 05.08.2026 година.
Во пријавата/ барање се наведени повеќе насоки поврзани со предметната постапка каде треба да се врши бараната проверка, без да се наведат наводи за сомневање за неправилности/незаконитости во предметната постапка за јавна набавка сторени од поединци.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот нема елементи за надлежно постапување од причина што нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност. Имено, во самата пријава подносителот навел дека пријавата е всушност барање до надлежен орган, во рамките на неговите законски овластувања да спроведе независна, објективна и темелна проверка на предметната постапка.

Согласно ЗСКСИ, ДКСК постапува по пријави од физички и правни лица со наводи за сомневање за корупција и судир на интереси. Пријавата треба да содржи конкретни наводи за извршени незаконитости од страна на службени лица, за чија проверка и заради целосно утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК бара податоци и информации од надлежни институции, правни и физички лица.

Дополнително, ДКСК изврши увид на веб-страната на Државната комисија за жалби по јавни набавки, по што утврди дека за конкретната јавна набавка не е поднесена жалба од незадоволен понудувач.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чунуљ

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: м-р В.З. Советник
Контролирал: м-р Ј.Ц. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш. Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата